**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија. |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Зоран Николовски,<br>раководител на Сектор за туризам и угостителство<br>zoran.nikolovski@economy.gov.mk / 02 3093540<br>Шовкет Хазари,<br>државен советник за туризам и угостителство<br>sovket.hazari@economy.gov.mk / 02 3093543 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Септември 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?
   - неусогласеност на статусот на постојано вработените во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија и нивните права и обврски од работниот однос, со одредбите од Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.114/09) и
   -неусогласени надлежности на Управниот одбор и директорот на Агенцијата, во делот на донесувањето на општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата, со одредбите од Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.114/09).

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?
   -усогласување на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, со Законот за државни службеници, во смисла укинување на одредбата со која се утврдува надлежноста на Управниот одбор да ги донесува општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата. Оваа надлежност е предвидено да премине на Директорот на Агенцијата и
   - усогласување на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, со Законот за државни службеници, преку модифицирање на постоечките и воведување нови одредби кои што ќе овозможат постојано вработените што ги вршат стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата да се здобијат со статус на државни службеници по автоматизам, без обврска да полагаат стручен испит за државни службеници

3. Кои се засегнатите страни, кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?
   -Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија,
   -Министерството за економија ( Секторот за туризам и угостителство)
   -Агенцијата за државни службеници и
   -Министерството за правда.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?
   - Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   - Не

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   - јули 2010 година

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   -не е предвидено вклучување на надворешни консултанти. Во процесот проценка на влијанието на регулативата вклучени се Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, Министерството за економија ( Секторот за туризам и угостителство) Агенцијата за државни службеници и Министерството за правда.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   - септември 2010 година

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог-законот?

- Човечки ресурси: тројца вработени од Секторот за туризам и угостителство, при Министерството за економија.
- Финансиски ресурси: Во Програмата за развој на туризмот за 2010 година за активност – Ревизија на законската регулатива, предвидени се 300.000 денари.

**Образец бр. 2**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**
   -неусогласеност на статусот на постојано вработените во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија и нивните права и обврски од работниот однос, со одредбите од Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.114/09) и

-неусогласени надлежности на Управниот одбор и директорот на Агенцијата, во делот на донесувањето на општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата, со одредбите од Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.114/09).

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**
   Со надминување на горенаведените проблеми предвидено е постигнување на следниве цели:

-воведување реформи во јавната и државна администрација,

-зголемување на нивото на ефикасност во работата на државната администрацијата,

-прецизирање на статустот на голем дел од постојано вработените во јавниот сектор во Република Македонија, пред се од аспект на регулирање на нивните права и обврски кои произлегуваат од работниот однос и

-зголемување на независноста на Агенцијата во делот на креирањето и реализирањето на политиките за вработување.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**
   - усогласување на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, со Законот за државни службеници, во смисла укинување на одредбата со која се утврдува надлежноста на Управниот одбор да ги донесува општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата. Оваа надлежност е предвидено да премине на Директорот на Агенцијата и

- усогласување на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, со Законот за државни службеници, преку модифицирање на постоечките и воведување нови одредби кои што ќе овозможат постојано вработените што ги вршат стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата да се здобијат со статус на државни службеници по автоматизам, без обврска да полагаат стручен испит за државни службеници.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Изготвување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, со кој би се извршило усогласување со Законот за државни службеници.

**Опис:**
-Со бришењето на ставот 4 од членот 10 на постоечкиот Закон за основање АППТ се укинува одредбата, со која се утврдува надлежноста на Управниот одбор да ги донесува општите акти за организација и систематизација на работењето на Агенцијата.
-Со измената на членот 14 став 1 алинеја 9 од Законот, оваа надлежност е предвидено да премине на Директорот на Агенцијата,
-Со измената на членот 18 постојано вработените што ги вршат стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата, правата и обврските од работниот однос ги остваруваат согласно Законот за државни случбеници и
-Со воведувањето нов член 18-а им се овозможува на постојано вработените што ги вршат стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата да се здобијат со статус на државни службеници по автоматизам, без обврска да полагаат стручен испит за државни службеници.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. / НЕ предвидува воведување на нови формалности

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. / НЕ предизвика иницијални трошоци

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. / НЕ предизвика континуирани трошоци

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. / НЕ предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. / НЕ предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни / НЕМА

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни: ИМА

a) добивање статус на државни службеници за постојано вработените во Агенцијата кои извршуваат стручни, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата и
b) зголемување на независноста на Агенцијата делот на креирањето и реализирањето на политиките за вработување, преку зголемувањето на надележностите на директорот на Агенцијата, на сметка на Управниот одбор.

3. **Ризици и претпоставки**
   Нема

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**
- Иницијалната проценка на влијанието на регулативата е подготвена од страна на Секторот за туризам и угостителство при Министерството за економија, без извршени консултации со останатите засегнати страни (Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, Агенцијата за државни службеници и Министерството за правда).

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

   - Изготвување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, со кој би се извршило усогласување со Законот за државни службеници и тоа во делот на зголемување на надлежностите на директорот на Агенцијата, како и добивање со статус на државни службеници за постојано вработените во Агенцијата.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   Зоран Николовски, раководител на Сектор за туризам и угостителство
   zoran.nikolovski@economy.gov.mk / 02 3093540
   Шовкет Хазари, државен советник за туризам и угостителство
   sovket.hazari@economy.gov.mk / 02 3093543

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Катерина Костеска, државен секретар
тел.+389 2 3093-404
e- mail:katerina.kosteska@economy.gov.mk

м-р Зоран Стрезовски, директор на Агенцијата за за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија
тел. +389 46 789 428
е-маил: zoran.strezovski@tourisammacedonia.gov.mk

**Изјава од министерот**

**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

**Јас, *Фатмир Беисми*** , изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
.................................................................................. Датум:
Датум: